Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 26.05.2020

На 25.05.2020 во 00.40 часот на во с.Грчец, скопско, полициски службеници од СВР Скопје, за време на забраната за движење, го лишиле од слобода Ј.Р. (28) од с.Грчец бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатите денови(22,23,24 и 25.05.2020) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје санкционирани се едно возило бидејќи било нерегистрирано, три возачи поради управување на возила под дејство на алкохол и 45 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 25.05.2020 околу 21.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул. „Јордан Џурнов", по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу А.М.(45) и неговата сопруга Е.Ј.(42), од една страна и С.К.(36) и неговата сопруга А.К.(34), сите од Велес. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.05.2020 околу 18.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во с.Рудник во дворот од семејната куќа, Ж.Ф.(31) од Скопје, по претходна расправија, бил нападнат од В.Н.(58). Истиот ден околу 19.50 часот во СВР Велес, В.Н.(58) од Скопје дека во дворот од семејната куќа во с.Рудник бил физички нападнат од К.Ф.(57) и неговиот син Ж.Ф.(31). По целосно документирање на случајот ке биде поднесена соодветна пријава.
ОВР Струга, до надлежното Основно јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против М.С.(38) од Скопје и против правното лице „Блуинвест" со седиште во Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во својство на управител на фирмата и инвеститор, во текот на минатата година во струшкото село Мислешево без соодветно одобрение за градба започнал со изградба на објект за домување. По извршениот инспекциски надзор, донесено е решение со кое на инвеститорот му се наложува да прекине со изградбата и во определен рок да го усогласи објектот според претходно издаденото одобрение .

На 25.05.2020 во 13.49 часот во СВР Скопје, Д.К.(21) од Скопје пријавил дека околу 13.25 часот на бул.„Крсте Мисирков" бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.05.2020 во 21.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.30 часот на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, А.Б.(25), В.Б.(48) и В.Б.(21), сите од Скопје, биле физички нападнати од А.Н и П.Н. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.05.2020 околу 20.30 часот во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека во с.Белица, Македонски Брод, во куќа сопственост на С.Т., З.К.(44) од Скопје, кој престојувал како гостин, со воздушна пушка на С.Т. испукал една дијабола кон метално буре во дворот, при што повредил шестгодишно девојче од Скопје, кое со нејзината мајка А.Ц., исто така, престојувала во куќата. Според пријавеното, З.К. ја земал пушката без согласност и одобрение од С.Т.. Девојчето било пренесено во ЈЗУ-Македонски Брод за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од Полициската станица Македонски Брод. За настанот бил запознаен јавен обвинител.

На 25.05.2020 во 22.15 часот во ОВР Прилеп, 40-годишен маж пријавил дека околу 19.30 часот во домот каде престојува неговата сопруга (28), со која се во бракоразводна постапка, по претходна расправија, со остар предмет го удрила во пределот на грбот и му нанела повреда. Истиот ден, во 23.15 часот во ОВР Прилеп, сопругата пријавила дека околу 19.30 часот во нејзиниот дом, нејзиниот сопруг физички ја нападнал. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 25.05.2020 околу 15.30 часот на ул.„Панде Кајзеро" во Битола, при преземање на мерки во врска со претходно пријавени настани „нарушување на јавниот ред и мир" и „поплака", И.В.(54) од Битола со стаклен предмет нападнал полициски службеници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.05.2020 околу 00.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Зендел Џемаил" во Скопје настанал пожар во куќа, сопственост на Б.Г.(37) од Скопје. Во пожарот изгорела штала во која имало еден коњ. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожзрна заштита Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 25.05.2020 во 21.50 часот во СВР Скопје, З.Р.(37) од Скопје пријавил дека пред маркет на ул.„Кемал Сејфула" во Скопје бил опожарен контејнер за отпад, сопственост на Комунална хигиена Скопје. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје.

На 25.05.2020 во 13.32 часот во СВР Скопје, А.М.(43) од Скопје пријавил дека во период од 00.30 часот на 24.05 до 13.00 часот на 25.05.2020 во угостителски објект на ул.„Пушкарска" во Скопје непознат сторител извршил „тешка кражба", при што одзел пари и пијалоци. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мреки за расчистување на случајот.

СВР Тетово, СВР Велес и СВР Штип поднесоа 19 кривични пријави против М.Ш.(28) и К.З.(26), двајцата од Тетово и биле лишени од слобода, В.С.(31) од с.Чегране - гостиварско и бил лишен од слобода, М.М.(36), А.А.(19) и А.Г. (32), тројцата од Гостивар и биле лишени од слобода, М.Х.(23) од с.Врапчиште - гостиварско и бил лишен од слобода, М.Д.(25) и П.Т.(31), двајцата од Велес, М.Б.(60) од с.Бистренци - Демир Капија и бил лишен од слобода, И.А.(77), О.Б.(40) и Б.Т.(53), тројцата од Виница, М.П.(26), М.Н.(24) и Д.М.(23), тројцата од Пробиштип, И.С.(41) од с.Неокази - пробиштипско, Д.Ј.(25) и В.В.(25), двајцата од с.Злетово - пробиштипск, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет